# Музика

СПИСАНИЕ ЗА
МУЗИЧКА КУЛТУРА
год. XVII. бр. 20, 2014

# МУЗИКА

СОКОМ
СОЈУЗ НА КОМПОЗИТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Издавањето на списанието го помогна
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# НЕКОИ ТОНСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ КАЈ ГАЈДАТА

м-р Горанчо Ангелов

Гајдата како еден од народните музички инструменти кој сè уште наоѓа примена во Македонија е носител на една долговековна музичка инструментална традиција со изградени естетско-стилски обележја. Многубројните умотворби, преданија и објавени трудови за гајдата и нејзината употреба зборуваат за присуството и прифатеноста на овој музички инструмент помеѓу населението во Македонија во минатото. И во денешно време овој инструмент е присутен но со доста помала застапеност. Ако во минатото секое село имало по еден или повеќе гајдаџии, со замирањето на руралните средини се случува и постепено намалување на побарувањето на овој инструмент што резултира со помала застапеност. Музички инструменти исти или слични на гајдата според начинот на произведување на тонот а донекаде и според составните елементи кои ја сочинуваат гајдата се распространети во повеќе делови од Балканот и во светот. Во нашето излагање ќе се осврнеме на гајдата во Македонија која сеуште е застапена помеѓу поединци кои се носители на гајдаџиската традиција. Како музички инструмент кој е доста подвижен гајдата е присутна секаде каде што е присутен инструменталистот на гајда. Таа се среќава за време на многубројните настани поврзани со животот на македонското население како свадби, верски празници а најповеќе за време на одржувањето на културните манифестации на кои се презентира изворниот фолклор. Преку овој инструмент се зачувувани бројни мелодии кои спонтано се создавале во минатото од страна на талентираните инструменталисти а во самите мелодии се изразени со локални музички обележја на средината до која што потекнува гајдаџијата. Во поглед на звучниот тембар, споредбено со останатите народни аерофони (дувачки) музички инструменти шупелка, дудуче, двојанка и кавал, гајдата се издвојува според начинот на добивање на тонот и дополнителните мелодиските елементи кои допринесуваат во конечната звучно-тонска перцепција која ја остава гајдата и гајдаџиските мелодии.[1] „Под името гајда

[1] Современата класификација која е општоприфатена во светот е направена од Ерих Марија фон Хорнбостел (Erich Maria von Hornbostel, 1877-1935), австриски музиколог, претставник на модерната систематска етномузикологија. Посебно се занимавал со воневропските народи и со тонска психологија и Курт Сакс (Kurt Sachs, 1981-1959), германски музиколог и етномузиколог чии главни дела се од обласата на музичките инструменти. Оваа класификација за првпат е публикувана во германското списание Zeitschrift für Ethnologue во 1914 година, тргнува исто така од материјата како извор на звук (цврсти и гасовити тела), како и од начинот на произведување на тонот (со помош на удирање, треперење, тресење, трлање). Сите музички инструменти што се употребуваат во уметничката и фолклорната музика

или мешница во Македонија се подразбира народниот музички инструмент, составен од два аерофонични музички инструменти, кларинетски тип, со по една идиоглотна писка, и со по едно ударно јазиче, цевка за воздух (дувало), врзани на козја или овча кожа (мев) (Линин, 1986: 96). Аерофоничните музички инструменти кои ја сочинуваат гајдата се мелодиската цевка наречена гајдарка и бордунската цевка наречена брчало. Кај некои гајди покрај едниот бордунски елемент (брчало) се среќава и втор бордунски елемент наречен слагарче кое што претставува минијатурно брчало. Брчалото е составено од три дела кои се навлекуваат еден во друг со што овозможуваат негово скратување и продолжување со што се постигнува посакуваната висина. Првиот дел во кој што влегува писката се нарекува пискарник, вториот среднак а третиот брчало. Слагарчето е составено од два дела кои исто така се навлекуваат еден во друг овозможувајќи постигнување на потребната висина. Во зависност од бројот на бордунските елементи се определува и видот на гајдата односно, двогласна и тригласна. „Во Македонија најзастапени се двогласните гајди а во одредени делови на Македонија се среќаваат и тригласни гајди. Најмногу гајди со слагарче се среќавале во Овчеполието" (Цимревски, 1996: 69). Тонот кај гајдата се добива со помош на еднојазичните писки изработени од трска. Писките се вметнуваат во гајдарката, во брчалото и доколку има, и во слагарчето.[2] Во одредени региони во Македонија и денес се среќаваат двогласни и трогласни гајди (без и со слагарче). На претходно обработената животинска кожа (коза или овца) на предните нозе и кај главата се врзуваат главини во кои се вметнуваат останатите елементи. Главините се изработуваат од рог од бивол или од дрво (Фотографија 1).




*Фотографија 1. Мев со главини, брчало, слагарче и дувало*

---

ги поделиле на четири главни групи кои понатаму се делат во подгрупи произлезени од главните групи со следниот редослед: идиофони, мембранофони, кордофони и аерофони. Оваа класификација на музичките инструменти на современи научни принципи и денес сè уште служи како најприфатлива систематизација.

[2] Овој опис е за гајдите кои се користат во Македонија. Кај голем дел од гајдите во светот некои бордунски елементи се изоставени или пак има дополнителни бордунски цевки.

Во визуелна смисла, гајдата претставува инструмент кој е карактеристичен по резервоарот за воздух (мев, мешница) кој во себе ги обединува останатите елементи а заеднички го формираат конечниот изглед на инструментот. Во поглед на звучните можности гајдата се одликува со три карактеристики поради што овој инструмент со право го заслужува епитетот, инструмент ансамбл. Тоа е можноста на непрекинато свирење, постојаната бордунска придружба како и целостепената врска помеѓу седмо и прво стапало, интервал кој преовладува во бројните вокални инструментални напеви присутни во фолклорната музика од постариот слој. Во продолжение ќе се фокусираме на овие звучни карактеристики на гајдата.

**Првата** звучна карактеристика на гајдата е тоа што таа е еден од ретките музички инструменти кој што овозможува непрекинатото свирење на мелодии кое се должи на резервоарот со воздух. Овој резервоар за воздух или мев овозможува природно дишење кај инструменталистот со повремено вдувување на воздух преку дувалото.[3] За одржување на постојана интонација од голема важност е одржувањето на константен притисок кој се постигнува со притискање на мевот со лактот.[4] Овој начин на постигнување на константен притисок на воздухот во мелодиските елементи е тесно поврзан со начинот на држење на гајдата за време на репродуктивниот процес (Фотографија 2).



*Фотографија 2*
*Држење на гајдата со можност за контролирано регулирање на притисокот*

[3] Во пракса се користи и само гајдарка но тоа не е практично бидејќи доаѓа до прекин на мелодијата а воедно поради директното внесување на воздухот во гајдарката пискатa се навлажнува поради што почнува да се менува интонацијата.

[4] Покрај гајдата, зурлата е инструмент кај кого со посебно разработена техника на циркуларно дување и издишување, техника која ја применуваат искусните зурлаџии се добива непрекината мелодија која може да трае подолго време.

Можноста за повремено дување во текот на свирењето на гајда овозможува самиот инструменталист истовремено да свири и да пее. Во поглед на физичката оптеретеност таа е поголема доколку самиот инструменталист и пее бидејќи по трошењето на извесен процент на воздух, тој мора да го надополни потрошениот воздух.[5]

**Втората** карактеристика на гајдата како што споменавме претходно е постојаната бордунска придружба која се одразува во конечната звучно-интонативна емисија. Бордунот претставува стабилна интонативна подлога. Овој вид на музика (бордунска) е карактеристична за одредени региони во светот меѓу кои и за Македонија. Пред да го произнесеме звучењето и штимањето на бордунските елементи ќе дадеме краток осврт на тонската низа кај гајдата. Зборувајќи за тонската низа на гајдата Линин вели: „Тонската низа може да се подели на два пентахорда: долен и горен. Завршниот тон на долниот пентахорд е почетен за горниот" (Линин, 1986:100). Линин констатира два тонални центри кај гајдата. Првиот е за квинта повисоко од најнискиот а вториот тонален центар е за секунда повисоко од најнискиот тон (Линин, 1986:100).

Во едно наше излагање за гајдата, заедничкиот тон кај двата пентахорда го именуваме како централен тон. Овој тон во извесна смисла претставува своевидна оска бидејќи е заеднички тон за двата пентахорди (се наоѓа на растојание квинта нагоре од најнискиот и квинта надолу од највисокиот тон) а според него се одредува и висината на бордунскиот тон (Ангелов, 2011: *166-167).*[6] Не е ништо помала и неговата улога на финален тон поради што нашата констатација како централен тон ја сметаме за објективна. Статичниот и непроменлив бордунски тон кај брчалото звучи за две октави пониско од основниот тон а слагарчето звучи за три октави повисоко од брчалото. Бордунски тон е постојан и непроменлив и во случај на менување на интонацијата на централниот тон, се менуваат и бордунските тонови кај брчалото и слагарчето (со скратување или продолжување на бордунските цевки). Висината на централниот а по него и на бордунските тонови нè секогаш е прилагодена на воспоставените стандарди (440 hz) туку таа зависи од самиот инструмент (изработка) и од индивидуално изградените чувства на гајдаџијата кој што поставува своја интонација водејќи се по одредени локални стандарди. Во поглед на ова, Андријана Гојковиќ вели: „Музичките инструменти се штимаат според одредени тонски низи кои пак зависат од

[5] Како извесен недостаток кој што кај гајдата е неможноста за динамички отстапки поради начинот на добивање на тонот. Во конечното формирање на звучниот тембар и интензитет кај гајдата делуваат многу фактори како што е изработката, материјалот од кој се изработени мелодиските елементи и писките како произведувачи на звук.

[6] Овие заклучоци се базираат на анализата на голем број на мелодии кои се создавани спонтано, од народните уметници кои сепак запазувале некои природно воспоставени стандарди во градењето на мелодиите.

музичката традиција на областа во која се употребува инструментот. Тоа се случува со сите дувачки инструменти кои секогаш ги произведувале оние тонски низи кои одговарале на музичките карактеристики на одредено географско подрачје" (Gojković, 1994: 62).

Ние ќе го прикажеме штимањето на гајдата според финската метода (finalis **g**) како би имале објективна слика за поставеноста на централниот тон и бордунските тонови. Тонската низа кај гајдата е изградена од единаесет тонови.[7] Опсегот од најнискиот до највисокиот тон (амбитус) е нона (Нотен пример 1, 2).[8]

Нотен пример 1. Тонска низа кај гајдата[9]

Централен (основен) тон кај гајдата



Нотен пример 2. Амбитус кај гајдата и растојание помеѓу централниот (основен) тон и најнискиот и највисокиот тон




Подолу го прикажуваме звучењето на двата бордунски елементи, брчалото и слагарчето во однос на гајдарката (Нотен пример 3).

Нотен пример 3. Поставеност на бордунот во тонскиот систем кај слагарчето и кај брчалото

*Бордунски тон кај брчало*



*Бордунски тон кај слагарче*

---

[7] Мораме да нагласиме дека со помош на некои комбинации на мелодиските отвори помеѓу седмо и прво стапало може да се добие и половина степен но во традиционалната музика никаде не се сретнуваат напеви со половина степен а целиот степен е длабоко врежан во свеста на изведувачите на овие напеви, инструментални и вокални.

[8] Амбитусот го определуваме само кај гајдарката изземајќи го бордунот кој што звучи за две октави пониско и слагарчето за една октава повисоко од основниот тон.

[9] Во нотниот пример тоновите ги даваме и со нивната енхармонска замена (gis-as, ais-b).

**Третата** карактеристика по која гајдата се издвојува од останатите инструменти е карактеристичниот цел степен кој се наоѓа помеѓу VII и I стапало односно помеѓу финалисот и тонот под него (Нотен пример 4).

Нотен пример 4.




Оваа секундна врска со цел степен помеѓу VII и I стапало е фиксирана и е мошне застапена како почетен мотив кај голем број на вокални напеви со движење од голема секунда од седмото кон првото стапало и обратно.[10] Претпоставуваме дека овој интервал на тонската низа на гајдата имал одреденото влијание во градењето и на традиционалните вокални и инструментални напеви.[11] Отсуството на половина степен помеѓу седмото и првото стапало е карактеристично за македонската но и за фолклорната музика на други народи. Оваа појава ниту малку не го загрозува определувањето на првото стапало иако, третирано според генерално воспоставените класични музички стандари, недостасува воѓичниот однос седмо прво стапало изразен преку половина степен. Првото стапало кај гајдата е потенцирано преку постојаното звучење на бордунските тонови кои се непроменливи и ја привлекуваат мелодијата после движењето нагоре или надолу да се врати на основниот тон односно кон тоналниот центар.[12] Преку опфатената тема сметаме дека надополнуваме некои елементарни информации поврзани со за гајдата истакнувајќи дека во многу нешта овој музички инструмент се издвојува од останатите народни музички инструменти, во поглед на составните елементи а најповеќе во тонска смисла преку нејзината звучна емисија. Понатаму заклучуваме дека големата секунда претставува мошне значаен интервал во традиционалното музичко творештво што ни дава за право да го наречеме фолклорен интервал. Во продолжение преку неколку нотни примери ќе ги произнесеме појдовните мотиви кај кои првите два тона се со цел степен односно се поистоветуваат со седмото и првото стапало кај гајдата.

---

[10] До овој заклучок дојдовме по анализата на голем број на вокални и инструментални мелодии.

[11] Објективно гледано, не можеме со сигурност да потврдиме дали тонската низа на гајдата со текот на времето била прилагодувана на вокалната музика или обратно. Треба да се земе во предвид дека вокалната музика настанувала во едни други услови кои не зависеле од присуството на музичките инструменти.

[12] Од интонативен аспект, мошне често среќаваме гајди кај кои растојанието помеѓу тоновите не секогаш е чиста мала или голема секунда, терца итн. Чистината на интервалите зависи од самото изработување на инструментот за што нема да зборуваме во овој труд.

## Прилог

Нотни примери на вокални напеви кои се изведуваат на гајда

Нотен пример 5.




Нотен пример 6.




Нотен пример 7.



Нотен пример 8.




Нотен пример 9.




Нотен пример 10.



Нотен пример 11.




## Библиграфија


Ангелов Горанчо *Музичкиот инструмент гајда и нејзините тонски карактеристики, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Факултетот за музичка уметност, Годишен зборник бр. 2, стр.159-170,* 2011

Линин Александар, Народните музички инструменти во Македонија, Македонска книга, Скопје, 1986.

Gojković Andrijana, Muzički instrumenti - Mitovi i legende, simbolika i funkcija, Beograd, 1994.